Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18-1817/2 21.07.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот "Центар за граѓански комуникации, Скопје", булевар Кочо Рацин бр.26/1-2 Скопје, поднесено на 15.07.2026 година по електронски пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од "Центар за граѓански комуникации, Скопје" **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на "Центар за граѓански комуникации, Скопје" е доставено Барање во електронска форма. Со Барањето се побарани следните информации:

-„ За буџетските ставки 481 и 482 од Буџетот на вашата институција за 2025 година, листа на капитални расходи со поединечен планиран износ, процент на реализација и исплатен износ."

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

-Во Буџетот на Министерството за локална самоуправа за 2025 година не биле планирани средства во буџетските ставки 481 и 482, конкретно Министерството не располагало со средства за капитални расходи од овие

буџетски ставки и консеквентно на ова нема реализација на средства и извршени исплати. Информациите се обезбедени од Секторот за финансиски прашања на Министерството за локална самоуправа.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Заменик министер
**Ерџан Селими**

Службено лице:
М-р Ели Чакар